**ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје**
Бул. Партизански одреди 14 1/2-3
1000 Скопје
Т: + 389 2 3220 998
+ 389 34 330 088
**www.euromaxresources.mk**
**www.euromaxresources.com**

Скопје, 21.01.2016 година

**Од**
**Друштвото за производство, промет и услуги**
**ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје**
Бул. Партизански одреди 14 1/2-3
1000 Скопје

**До**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Управа за животна средина**
Бул. Гоце Делчев бб
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ: Известување за намерата за изведување на проектот „Површински коп на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село“**

Почитувани,

Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје е имател на концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато на локалителот „Иловица“ Општина Босилово и Општина Ново Село врз основа на Договор за концесија за експлоатација бр. 24-40/2 од 13 јануари 2016 година.

Во согласност со член 80 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14) и „Правилникот за информациите што треба да ги содржи известувањето за намерата за изведување на проектот и постапката за утврдување на потребата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина“ (Службен весник на РМ бр. 74/05), во прилог на пропратното писмо Ви ги доставуваме следните документи:

1. Известување за намерата за изведување на проектот „Површински коп на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село“.

Според мислење на Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје, за проектот „Површински коп на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село“ <u>треба задолжително да се спроведе оцена на влијанието врз животната средина</u>.

Предметниот проект се наоѓа во Прилог 1, Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанието врз животната средина, точка 16 – каменоломи и површински ископи, каде што површината на локацијата надминува 10 хектари од „Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина“ (Сл. Весник на РМ бр. 74/05).

Со надеж за успешна соработка во иднина, однапред Ви благодариме за љубезното земање во предвид на нашето известување.

Со почит,

За Друштвото за производство, промет и услуги
**ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје**

_________________________________
Драги Пелтечки, полномошник